# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 10 02.12.2024, понеделник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово...................................... 3

**2.Решение** за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово......................................................................... 3

**3.Решение** за објавување на Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово................................................................ 3

**4.Решение** за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово................... 3

**5.Решение** за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година................................................................................ 4

**6.Одлука** за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година............................... 4

**7.Решение** за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година................................................ 4

**8.Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година................................................................................ 5

**9.Решение** за објавување на Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата.................................................................. 5

**10.Одлука** за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата......................... 5

**11.Решение** за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово......................................................................... 6

**12.Одлука** за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово......................................................................... 6

**13.Решение** за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово................................. 6

**14.Одлука** за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово.................................. 7

**15.Решение** за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово......................................................................... 7

**16.Одлука** за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово............................. 8

**17.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година........................................... 8

**18.Заклучок** за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година................................................................................ 8

**19.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места.............................................................. 9
**20.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места........................ 9
**21.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населено место................................................................. 9
**22.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населено место................................................................................ 9

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/7 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово**

1. **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандат на Јаворка Крстева - претставник на основачот Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, поради истек на мандат.
2. За претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, **СЕ ИМЕНУВА**: Маријана Кнежевиќ.
3. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за именување претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово бр.08-103/17 од 08.11.2021 година.
4. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/7 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за престанок на мандат и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/8 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандововo Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово**

1. **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандат на Јасмина Проданова - претставник на основачот Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, поради истек на мандат.
2. За претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, повторно СЕ ИМЕНУВА: Јасмина Проданова.
3. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за именување претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово бр.08-103/16 од 08.11.2021 година.

4. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/8 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/2 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ бр.79/20, 151/21 и 87/22“), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата
Потставка и опис на подставка
. Самофин. Дотации Донации Кредити

**Се зголемуваат приходите на следните потставки:**

**Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

741120 Наменска дотација на општината по одделни намени 772.000

**Н2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

741120 Наменска дотација на општината по одделни намени 300.000

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0 | 1.072.000 | 0 | 0 |
| **0** | **1.072.000** | **0** | **0** |

**и се распоредуваат на следните расходни потставки**

**Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 401130 Основни плати | | | |
| 0 | 490.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | | | |
| 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | | | |
| 0 | 136.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | | | |
| 0 | 48.000 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално забол. | | | |
| 0 | 6.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основни придонеси до Агенцијата за враб. | | | |
| 0 | 12.000 | 0 | 0 |

**Н2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 401130 Основни плати | | | |
| 0 | 194.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | | | |
| 0 | 22.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | | | |
| 0 | 56.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | | | |
| 0 | 22.000 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално забол. | | | |
| 0 | 2.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основни придонеси до Агенцијата за враб. | | | |
| 0 | 4.000 | 0 | 0 |
| **0** | **1.072.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

Бр.08-133/2 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/3 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ бр.79/20, 151/21 и 87/22"), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата
Потставка и опис на потставката
Буџет Самофинан. Дотации Донации Кредити

**Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 421240 Нафта за греење | 0 | 0 | -12.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок за други надоместоци | 0 | 0 | 1.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надоместок за годишен одмор | 0 | 0 | 11.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

Бр.08-133/3 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/9 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" 202/2024), член 21 став 1 точка 38, член 25 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата бр.08-103/7 од 08.11.2021 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата бр.08-134/10 од 29.11.2023 година во член 1 се врши следната измена:

- Претседателот на Комисијата за осветлување „Миле Петров" се заменува со името „Владимир Василев".
- За член на Комисијата за осветлување се избира: „Игор Андонов".

**Член 2**

Останатите одредби од Одлуката остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-133/9 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/10 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 21/21), член 2, член 5, член 8 и член 9 став 2 од Законот за комуналните дејности (95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.302/20), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 8 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 30 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука, се пренесува вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населените местоа Башибос, Кочули, Прстен и Калково, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово.

**Член 2**

Пренесување на комуналните дејности подразбира отстапување на управувањето со системот за снабдување со вода за пиење како и одржување на истиот од страна на ЈП “Комунален сервис“ Валандово.

**Член 3**

За пренесувањето на комуналните дејности опишани во оваа Одлука, жителите на населените места од член 1 од оваа Одлука, ќе бидат информирани на поединечни собири со граѓаните.

**Член 4**

За отстапување на комуналните дејности ќе се формира комисија составена од претставници на Месните заедници, ЈП „Комунален сервис“ и општината.

Комисиите ќе ги формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

За отстапувањето на комуналните дејности на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ќе се состави записник.

**Член 6**

Со преземањето на вршењето на комуналните дејности, ЈП „Комунален Сервис“ Валандово ќе ги превземе и обврските и побарувањата кои ги имаат месните заедници по овој основ, како и лицата кои ги вршат овие дејности.

**Член 7**

Доколку со пребивањето на обврските и побарувањата, остане неизмирен долг, потребните средства ќе бидат обезбедени преку Буџетот на општината и ќе бидат трансферирани на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово.

**Член 8**

ЈП „Комунален Сервис“ Валандово е должно за вршењето на комуналните работи од јавен интерес, да утврди цени на чинење.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/10 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1285/11 | Градоначалник |
| 29.11.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ" бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 21/21), член 2, член 5, член 8 и член 9 став 2 од Законот за комуналните дејности (95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ" бр.302/20), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 8 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 30 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука, се пренесува вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место с.Собри, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово.

**Член 2**

Пренесување на комуналните дејности подразбира отстапување на управувањето со системот за снабдување со вода за пиење како и одржување на јавната чистота и собирањето, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад.

**Член 3**

За пренесувањето на комуналните дејности опишани во оваа Одлука, жителите на месната заедница Собри ќе бидат информирани на собир со граѓаните.

**Член 4**

За отстапување на комуналните дејности ќе се формира комисија составена од претставници на Месната заедница, ЈП „Комунален сервис" и општината.

Комисијата ќе ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

За отстапувањето на комуналните дејности на ЈП „Комунален сервис" Валандово ќе се состави записник.

**Член 6**

Со преземањето на вршењето на комуналните дејности, ЈП „Комунален Сервис" Валандово ќе ги превземе и обврските и побарувањата кои ги имаат месните заедници по овој основ, како и лицата кои ги вршат овие дејности.

**Член 7**

Доколку со пребивањето на обврските и побарувањата, остане неизмирен долг, потребните средства ќе бидат обезбедени преку Буџетот на општината и ќе бидат трансферирани на ЈП „Комунален Сервис" Валандово.

**Член 8**

ЈП „Комунален Сервис" Валандово е должно за вршењето на комуналните работи од јавен интерес, да утврди цени на чинење.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-133/11 | Совет на Општина Валандово |
| 26.11.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/12 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 21/21), член 2, член 5, член 8 и член 9 став 2 од Законот за комуналните дејности (95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.302/20), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 8 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 30 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука, се пренесува вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово.

**Член 2**

Пренесување на комуналните дејности подразбира отстапување на управувањето со системот за снабдување со вода за пиење и отстапување на управувањето со системот за прифаќање и одведување на отпадните води во населеното место Пирава, Општина Валандово.

**Член 3**

За пренесувањето на комуналните дејности опишани во оваа Одлука, жителите на месната заедница Пирава ќе бидат информирани на собир со граѓаните.

**Член 4**

За отстапување на комуналните дејности ќе се формира комисија составена од претставници на Месната заедница, ЈП „Комунален сервис“ и општината.

Комисијата ќе ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

За отстапувањето на комуналните дејности на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ќе се состави записник.

**Член 6**

Со преземањето на вршењето на комуналните дејности, ЈП „Комунален Сервис“ Валандово ќе ги превземе и обврските и побарувањата кои ги имаат месните заедници по овој основ, како и лицата кои ги вршат овие дејности.

**Член 7**

Доколку со пребивањето на обврските и побарувањата, остане неизмирен долг, потребните средства ќе бидат обезбедени преку Буџетот на општината и ќе бидат трансферирани на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово.

**Член 8**

ЈП „Комунален Сервис“ Валандово е должно за вршењето на комуналните работи од јавен интерес, да утврди цени на чинење.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/12 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/4 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ”бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-648/2 од 18.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/4 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/5 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во водоснабдителниот систем за снабдување со вода за пиење во Валандово и населените места бр.02-648/3 од 18.11.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-133/5 Совет на Општина Валандово
26.11.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населено место**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населено место, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 26.11.2024 година.

Бр.09-1285/6 Градоначалник
29.11.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа

("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 26.11.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населените места**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во Валандово и населените места бр.02-648/4 од 18.11.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-133/6 | Совет на Општина Валандово |
| 26.11.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |